**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Број: 08-945/13
05.10. 2020 год.

Врз основа на член 138, став 8 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес, постапувајќи по Известување бр. 23-945/3 од 22.05.2020г. за исполнување на мерките и условите од Дозволата за усогласување со Оперативен план бр. 0801-4453/2 од 30.10.2007г. и Измена на Дозволата за усогласување со оперативен план бр. 08-948/2 од 01.06.2010г. од носителот на Дозволата/Оператор на инсталацијата Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз извоз Велес, со регистрирано седиште на ул. Димко Најдов бр. 94 од Велес, а по спроведена постапка за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

***за издавање на Б-Интегрирана еколошка дозвола***

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз извоз Велес, со регистрирано седиште на ул. Димко Најдов бр.94 Велес, за инсталацијата за преработка на сурова овчка кожа со капацитет на обработка до 5 т/ден и готово крзно и крзнени производи со капацитет на производство до 1,2 т/ден, лоцирана на ул. Димко Најдов бр. 94 Велес.

2 **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Операторот на инсталацијата Друштво за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз извоз Велес при користење и управување со инсталацијата да ги почитува сите услови и мерки утврдени во Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 08-945/12 од 05.10.2020г.

3 Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштвото за производство и трговија на крзно и крзнени производи Димко Митрев АД увоз извоз Велес, со регистрирано седиште на ул. Димко Најдов бр.94 Велес е Оператор на инсталацијата за преработка на сурова овчка кожа, со капацитет на обработка до 5 т/ден и готово крзно и крзнени производи со капацитет на производство до 1,2 т/ден, лоцирана на ул. Димко Најдов бр. 94 во Велес.

Операторот на инсталацијата беше носител на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.0801-4453/2 од 30.10.2007г., Измена на Дозволата за усогласување со оперативен план бр. 08-948/2 од 01.06.2010г., со пропишани услови и мерки за усогласување.

Од страна на овластен инспектор за животна средина на Општина Велес е спроведен инспекциски надзор во инсталацијата на Операторот Димко Митрев АД увоз извоз Велес и во Записник со бр. 23-945/1 од 20.02.2020г. е утврдено дека генерално се исполнети условите и мерките од Дозволата за усогласување со оперативен план во периодот на усогласување, освен решевање на проблемот со крајната дестинација на перхлоретиленот, доопремување на постројката за третман на отпадни води и ревизија на Дозволата за испуштање на отпадни води во река Вардар. Операторот е задолжен да ја достави документација за промените во инсталацијата до Надлежниот орган.

Со Допис бр. 23-945/2 од 26.02.2020г. од страна на Операторот во постапката е доставена следната документација: Извештај од реализирани задачи од оперативен план од Дозволата за усогласување со оперативен план за 2019г., Извештаи од извршен мониторинг на на емисии во воздух и од мониторинг на емисии во вода, Извештај за состојбата со мерките и спречување на контрола на несакани дејствија и хаварии во 2019г., Известување за границите на активностите во 2019г. и Табеларен приказ на предаден отпад за 2019г.

Со Допис-Известување со Предлог Програма за подобрување бр. 23-945/3 од 22.05.2020г. за исполнување на задачи и обврски од Дозволата за усогласување со Оперативниот план бр. 0801-4453/2 од 30.10.2007г. и Измена во Дозволата за усогласување со оперативен план бр. 08-948/2 од 01.06.2010г. Операторот го извести Надлежниот орган дека се исполнети задачите и условите од Дозволата. Во Програмата за подобрување се наведени мерките за решавање на проблемот со отпадот од одмастување на кожи со примеси на органски растворувач-перхлоретилен, мерките за доопремување на постројката за третман на отпадни води. Во прилог на Известувањето се доставени Дозволата за користење на вода од бунар и Дозволата за испуштање на отпадна вода издадени од Надлежен орган.

Со Допис бр. 08-945/5 од 06.08.2020г. до Надлежниот орган се доставени: извод од тековна состојба, имотни листови, нови ситуациони решенија на локацијата на инсталацијата и сл.

Во текот на спроведувањето на постапката за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола дадено му е право на Операторот да се произнесе за условите и мерките од Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола. Сите негови забелешки се разгледани од страна на Надлежен орган. Поголем дел се прифатени и вградени во предметната Б-Интегрирана еколошка дозвола.

Бидејќи Операторот ги исполува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, а по претходно спроведената постапка за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, утврдена во член 126 и член 127 од Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Велес одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение Операторот на инсталацијата и засегнатите правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

***Доставено до:***

- Операторот на инсталацијата
- Архива
- Министерство за животна средина и просторно планирање

Градоначалник
на Општина Велес

Аце Коцевски

Изготвил: ДП
Контролирал: БШМ